РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-552/8
24.06 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.78 ст.1 од Законот за извршување (Сл.весник на РМ бр.72/16 од 12.04.2016 година), Собранието на Комората на извршители на Република Македонија на седница одржана ден 20.06.2016 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## За работата на Комисијата за континуирана и задолжителна едукација

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат прашањата поврзани со континуираната и задолжителна едукација на извршителите, замениците на извршителите и помошниците извршители со цел за нивно постојано стручно оспособување како во областа на извршувањето така и во другите области поврзани со извршувањето со постојано следење на законските прописи во Република Македонија, заради унапредување на професијата извршител и извршителската должност како и воедначено постапување на извршителите по одделните прашања.

Член 2

Заради остварување на основаната цел на континуирана и задолжителна едукација од член 1 Собранието на комората, на предлог на Управниот одбор на Комората, избира Комисија за континуирана и задолжителна едукација ( во натамошниот текст Комисија).

Комисијата брои 5 члена од кои еден е Преседател, еден е заменик преседател и 3 члена.

Мандатот на Комисијата трае две години со право на повторен избор.

Член 3

Комисијата работи на јавни седници кои ги закажува и со нив раководи Преседателот а Записникот за седниците го води вработен во Стручната служба на Комората.

На седниците на Комисијата се разгледуваат извештатите за остварените средби, се предлагаат темите по кои би се расправало на семинарите, предавањата, округлите маси, работилници, трибини и слично, кои ги организира УО на КИРМ.

Член 4

Комисијата својата цел ја остварува преку:

-организирање и учество на семинари во земјата и надвор од земјата, обуки, јавни расправи и средби во врска со извршувителската дејност и поднесува извештаи за истите до УО на КИРМ;

-ги подготвува темите од актуелни области и прашања поврзани со вршењето на извршителската дејност и дава иницијативи до УО на КИРМ за организирање на активности насочени кон реализација на темите со цел за стручна и континуирана едукација на извршителите;

-предлага Програма за континуирана едукација до УО;

-доставува извештај до Претседателот на КИРМ за учеството на извршителите, замениците извршители и помошниците на едукациите организирани од КИРМ;

-ги следи постојано активностите на другите органи, институции, тела, комори и измените на законите и другите прописи кои се поврзани со вршењето на дејноста на извршувањето и презема активности за запознавање на извршителите со овие прашања;

Заради остварување на своите цели Комисијата соработува и со други правни лица, здруженија, комори, институции, органи и тела и стручни лица од различни области на науката и праксата.

Член 5

Комисијата предлага Програма за континуирана и задолжителна едукација која програма се усвојува од страна на УО на Комората, по која програма се организира и спроведува континуираното задолжително професионално усовршување на извршителите, замениците извршители и помошниците извршители.

Член 6

Извршителите, замениците извршители и помошниците извршители се должни да бидат присутни најмалку 3 пати во текот на годината на некоја од едукациите од чл.3 од правилникот а се однесува на примена на Законот за извршување во одделни порашања или други прашања поврзани со извршувањето.

За спроведеното стручно оспособување на извршителите им се даваат уверенија.

Стручната служба на КИРМ води евиденција за посета на семинарите или друг вид на форми на организирање на едукацијата од страна на извршителите и за тоа го известува Преседателот на КИРМ.

Извршителот кај кого е вработен заменикот извршител и помошникот извршител води редовна евиденција за нивно присуството на семинарите или друг вид на форми на организирање на едукацијата и тие нему му одговараат.

Член 7

На извршителот може да му биде изречена дисциплинската мерка парична казна или привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител, ако ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација на начинот утврден со овој Правилник и Законот за извршување.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово објавување на веб страната на Комората а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72 од 12.04.2016 година).

Скопје 20.06.2016 година

Комора на извршители

на Република Македонија

Претседател

Зоран Петрески